ТМ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**

www.transparentnost-mk.org.mk

# МИСЛЕЊЕ
## ПО ПОВОД ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРВОСТЕПЕНИТЕ СУДСКИ ПРОЦЕСИ ВО СЛУЧАИТЕ СО ЕКС-ГУВЕРНЕРОТ Љ. ТРПЕВСКИ И ЕКС-ДИРЕКТОРКАТА НА УЈП П. МИТЕВА

Почетокот на 2008 г., кога станува збор за борбата против корупцијата и организираниот криминал во РМ, донесе првостепена разрешница на два важни судски процеси кои привлекоа големо внимание на стручната и општата јавност во државата во изминатата година.

**"Случај Трпевски-Смиленски"**

Судскиот совет при Основниот суд Скопје 1 - Скопје во случајот што се водеше против екс-гувернерот на НБМ, Љубе Трпевски, и против контроверзниот бизнисмен и сопственик на фирмата "Симак Холдинг", Методи Смиленски, поради обвинение за злоупотреба во службата и поттикнување на злоупотреба на 22 милиони долари од Буџетот на РМ, на првостепената инстанци заврши со изрекување на поединечни казни затвор на обвинетите во траење од по 4,5 години. Исто така, Судот одлучи, по правосилноста на пресудата, двајцата осудени солидарно да вратат 22 милиони долари на државата.

Обвинението се темелеше врз презентирањето докази дека спомнатата сума на пари тогашниот гувернер Трпевски ја префрлил на контото на фирмата на Смиленски со цел, за сметка на државата, која била спречена за изведување на ваква трансакција заради договорот со ММФ, преку фермата "Симак Холдинг" да се откупат државни обврзници од Лондонскиот клуб на доверители. Добро е познато дека, за остварување на законскиот опис на инкриминацијата од чл. 353 од Кривичниот закон на РМ - делото "злоупотреба на службената положба и овластување", за што беа обвинети сега осудените Трпевски и Смиленски - цондитио сине љуа нон е во изведување на доказната постапка да се утврди прибавување за себе или за друг некаква корист или направена штета на средствата од Буџетот на РМ, од јавните фондови или други средства од државата.

Иако судењето беше помпезно најавувано и спроведено, при судскиот процес недвосмислено се констатира дека НБМ нема отштетно побарување од никого, а Јавното правобранителство на РМ, кое ги штити материјалните интереси на државата, со поднесок се изјасни дека во

целиот случај постои само одреден вид на "претпоставена штета". Во овој контекст, од стручен и формално-правен аспект, се поставува круцијалното прашање: доколку нема штета за НБМ и за Јавното правобранителство - односно, за државата Република Македонија - тогаш кој е оштетениот и може ли во конкретниов случај да се востанови дело доколку нема штета? Дотолку повеќе што во судскиот процес е утврдено дека со изведените трансакции Буџетот на државата не само што не е намален, туку е зголемен за 17,3 милиони долари.

**"Случај Петра Митева"**

Во случајот на Јавното обвинителство и неговото Одделение за гонење на организиран криминал против екс-директорката на УЈП Петра Митева обвинението се однесуваше на сомнеж за несовесно работење на Митева при купување на објектот "Тифани" во центарот на Скопје за канцелариски потреби на УЈП. Во овој судски процес Митева, по само три одржани судски рочишта, во првостепената пресуда е прогласена за виновна и осудена на три години затвор и нејзина обврска, во рок од три месеци по правосилноста на пресудата, Митева во Буџетот на РМ да уплати 35 милиони денари.

Впечаток е дека и во овој случај, како и во неколку други, кога обвинението го застапува Одделението за гонење на организиран криминал при ЈО на РМ, и покрај допрецизирањето на надлежноста и позицијата на ова обвинителско специјализирано тело со новиот Закон за Јавното обвинителство од 2007 г., изостана она што во правото е познато уште од времето на старите Римјани: почитување на менс легис (духот на законот), што може да се толкува и како формална повреда на процедурата.

Имено, во чл. 31 од Законот за Јавното обвинителство, каде што се уредува надлежноста на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, не може да се супсумира делото за коешто е обвинета П. Митева, освен во делот од називот на Обвинителството, каде што генерички се спомнува поимот корупција. Корупцијата, во принцип, е криминолошка категорија што може да се дефинира *екстензивно* или *рестриктивно*, во зависност од многу критериуми. Но, како и да се дефинира и без оглед на толкувањата - несовесното работење и криминалот и корупцијата се дела кои, во принцип, не одат заедно, а судењето на П. Митева го егзекутира токму ваквиот погрешен пристап во читањето на духот на законот.

**13 март 2007 г.**

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА***